РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-5066/2
30-07-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 36 – та седница, одржана на ден 23.07.2020 година ја донесе следнава

## Одлука

Предметот оформен врз основа на анонимна пријава заверена со архивски број 09-5065/1 од 04.11.2019 година СЕ ОТФРЛА. Државната комисија за спречување на корупција утврди дека иако во дел од наводите се содржани елементи за постоење на судир на интереси, поради непостоење на правни механизми, Државната комисија нема законски можности за преземање мерки за промена на состојбите.

Предметот со број 09-5065/1 од 04.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-5065/1 од 04.11.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител со наводи дека откако лицето ------ професор по ------ во ООУ --------- е назначен за директор на истото училиште, го вработил својот син на испразнетото рабно место, иако на огласот биле пријавени и други кандидати. Исто така, во пријавата е наведено дека наставникот по --------,--------, без финансиски средства и без согласност од локалната самоуправа е назначена за помошник директор на истото училиште, и дека во периодот на преседателските избори била опремувана нејзината канцеларија.

Државната комисија постапуваше по голем број пријави за исти, односно слични наводи и во дел од нив утврди влијанија на блиски лица при вработувања, но поради непостоење механизми во законските решенија од областа на вработувањата, Државната комсија не беше во можност да бара поништување на спроведените постапки за вработувања, а иницијативите за утврдување одговорност на одговорните лица во институциите каде се утврдени вакви состојби, не ги дадоа очекуваните резултати, односно не беше утврдена одговорност за нивните постапувања.

Што се однесува до вториот дел од наводите, Државната комисија смета дека изборот на помошник директор е регулиран со Законот за основно образование, поради што нема основ за преземање мерки за натамошно постапување.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го во предвид горе наведеното, како и ефектите од претходните постапувања, а ценејќи ги ресурсите кои располага, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: м-р Ема Нешковска,соработник